МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2015

**ОПШТИНА КАРПОШ**
**СЕКТОР ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ**
**И КОМУНАЛНИ РАБОТИ**

Број:11 – 1705/4
Датум: 20.04.2022
Скопје

ЗАПИСНИК ЗА КОНСТАТАЦИЈА

Комисијата за следење на состојбите на извршување на работите за поставување на подземни инсталации на Општина Карпош на ден 19.04.2022 година изврши повторен увид на лице место на ул.„Бриселска"бр.18 и ул.„Софиска" , по барање на Инвеститорот "ЕВН – Македонија", Корисничко Енерго Центар – Ѓорче Петров , Скопје кој треба да изврши полагање на кабел NAY2Y-J 4х240мм2,заради реализација на нов приклучок за барател ДАРВАГЕ ДООЕЛ.

Од повторниот увид на лице место констатирано е дека за реализација на барањето според техничкото решение за овој предмет, ЕВН Македонија предвидува да положи кабел NAY2Y-J 4х240мм2 .Трасата за новата електрична инсталација во делот каде што ја поминува ул.„Софиска" да ја помини улицата по пат на попречен прекоп на асфалтната подлога.

Трасата на ровот за подземниот вод е со вкупна должина од 7 метри попречен прекоп на асфалтна подлога на „Софиска" а кои припагаат на јавна површина при Општина Карпош.

На име на надомест за градежно земјани работи при изведба на прекопи за подземни инсталации согласно Одлуката бр.09-8033/18 од 13.12.2021 година на Советот на Општина Карпош за утврдување на норминирана цена за градежно земјани работи при изведба на прекопи за подземни инсталации, се задолжува Инвеститорот за попречен прекоп на асфалтна подлога да уплати износ од 24.780,00 денари со вклучено ДДВ.

На Инвеститорот – Изведувач дадени му се насоки за начинот на изведување на сите градежно земјани работи за положување на подземниот електричен вод како и обезбедување на трасата за безбедност на минувачите со сите потребни означувања. Подлогата по положување на електричните кабли да се врати во подобрена првобитна состојба на тој начин што ископаниот материјал од ровот од асфалтна подлога да се транспортира до депонија, околу инсталациите да се постави ситен песок , останатиот дел од ровот да се исполни со тампон кој што ќе се набие во слоеви и завршно да се асфалтира со АБ11.

По завршување на сите градежни работи околу изведувањето на електричниот подземен вод, Комисијата ќе изврши повторен увид со цел да утврди дали квалитетно се завршени работите и дали е подлогата вратена во првобитна состојба.

Лазар Зафировски
20. 04. 2022

Комисија за следење на
состојбите на извршување на работите
за поставување на подземни инсталации

Наташа Иванова
Љубомир Тодевски
Тома Мандилоски

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА КАРПОШ • СКОПЈЕ •

*ул.Радика бр.9 бараки бр.1 и бр.2 тел. 023055 -903, факс: 3062-925*
*www.karpos.gov.mk*